Macedonian

Информативен лист Why Join LUCRF Super?

# Зошто да се зачлените во пензискиот фонд LUCRF Super?

## Повеќе од 30 години предводиме во пензиските фондови

*Создавањето на пензискиот фонд LUCRF Super беше почеток на преобразба со која пензиските фондови од малкумина повластени луѓе се проширија на сите работници во денешна Австралија.*

Пензискиот фонд LUCRF Super (Labour Union Co-operative Retirement Fund – Здружен пензиски фонд на работничките синдикати) официјално беше основан во 1978 г. од страна на Сојузот на синдикатите на работници магационери и на пакувачи (Federated Storeman and Packers Union - FSPU), кој сега се вика Национален работнички синдикат (National Union of Workers - NUW), во време кога пензискиот фонд им бил достапен само на малкумина избрани луѓе.

Синдикатот го основал Фондот врз основа на идеалот дека луѓето треба да можат слободно да одберат во кој фонд сакаат да се зачленат и дека нивниот пензиски фонд треба да остане со нив кога ќе ја сменат работата. Тие сакале членовите да имаат право да ги задржат сите свои придонеси и да им обезбедат праведни пензиски повластици на сите.

Тие вредности и идеали на синдикатот FSPU и на фондот LUCRF оформиле пример кој со текот на времето ќе стане начело на кое почива денешниот систем за пензиски придонеси во Австралија.

Повеќе од 30 години подоцна, пензискиот фонд LUCRF има израснато во партнер за над 180.000 членови и 14.000 работодатели.

Пензискиот фонд LUCRF е отворен за сите и има членови од разни области.

## Зошто да го одберете пензискиот фонд LUCRF Super?

Пензискиот фонд LUCRF е најискусниот пензиски фонд во австралиската индустрија. Ние постојано предводиме во тоа што им даваме на членовите слобода да одберат висококвалитетни услуги и производи во врска со пензискиот фонд.

Како член на пензискиот фонд LUCRF Super имате пристап до многу значајни повластици како што се:

- Ниски наплати - $1.25 неделно
- Висок учинок на вложените пари
- Можности за вложување пари што им одговараат на вашите потреби
- Приспособливи договори за осигурување
- Пензиски производи што се водечки на пазарот
- Внатрешен центар за контакти и управување од страна на луѓето што работат во LUCRF
- Лична услуга за клиентите – менаџери за развивање на бизнисот што ве посетуваат на вашите работни места ширум Австралија

Исто така може да имате пристап и до други услуги, вклучувајќи поволни станбени кредити, лични кредити, штедни сметки, кредитни картички и други банкарски производи и производи за лично осигурување по пониски цени.

Телефонирајте уште денес во LUCRF Super на 1300 130 780 или појдете на нашето место на интернет www.lucrf.com.au

## Високо оценети и почитувани

Независни агенции за оценување го имаат оценето и признаено пензискиот фонд LUCRF Super како висококвалитетен пензиски фонд сосредоточен на членовите, со добри долгорочни приходи.

Australia's first industry fund
LUCRFsuper

## Платинеста оценка за фондот LUCRF Super и за LUCRF Pensions од страна на компанијата SuperRatings

Ни беше доделена највисоката Платинеста оценка со што се потврди дека ние сме „најдобриот фонд што може да се најде за тие пари“ и дека сме добро урамнотежени во поглед на сите клучни критериуми за оценување.

SUPER RATINGS

SUPERRATINGS PLATINUM SAVINGS 2010

SUPERRATINGS PLATINUM PENSION 2010

## Оценка ААА од компанијата SelectingSuper (Rainmaker)

SELECTING SUPER QUALITY RATING AAA

Ни беше доделена оценка ААА со која се потврдува дека LUCRF е фонд со многу висок квалитет кој е добро управуван, кој има поволни цени и добар историјат на докажан успех, како и низа разновидни успешни понуди што веројатно ќе им се допаднат на неговите членови.

## 5 јаболка

Највисока оцена од Chant West, 5 јаболка, беа доделени на Personal Super (Лична пензија) и Pensions plans (Пензионерски планови), тоа покажува одличен успех во голем број области.

Chant West PersonalSuper 5 RATING ™

Chant West Pensions 5 RATING ™

## лист за наградата Selecting Super (Rainmaker) Excellence Award

2009 SelectingSuper PRODUCT OF THE YEAR Retirement – Value Choice FINALIST

Фондот LUCRF беше финалист за наградата на SelectingSuper Производ на годината – Пензионирање – Избор на вредност за 2009 година.

## Како да станам член на пензискиот фонд LUCRF Super?

За да утврдите дали пензискиот фонд LUCRF Super е вистинскиот фонд за вас, јавете ни се за да ви испратиме примерок од нашиот Водач за членовите (Member Guide), комбинирана Изјава за откривање на производот (Product Disclosure Statement) и Водач за финансиски услуги (Financial Services Guide).

Ако имате „Избор - Choice” (Законите за избор на пензиски фонд - Choice of Fund – им овозможуваат на повеќето луѓе сами да одлучат во кој фонд ќе ги вложуваат своите пари за пензија), поразговарајте со вашиот работодател за тоа сами да си го одберете вашиот пензиски фонд.

Вашиот работодател можеби веќе вложува придонеси во фондот LUCRF Super за некои други работници од вашата компанија.

Едноставно пополнете ја нашата молба за зачленување што ќе ја најдете во нашиот Водач за членовите – Изјава за откривање на производот, и испратете ни ја. Исто така ќе треба да го пополните и формуларот за стандарден избор (Standard Choice form) и да му го дадете на вашиот работодател.

Телефонирајте уште денес во LUCRF Super на 1300 130 780 или појдете на нашето место на интернет www.lucrf.com.au

## Оградување:

Овој информативен лист е од општа природа и подготвен е без да се земаат предвид вашите лични цели, вашата финансиска ситуација и вашите потреби. Препорачуваме да го земете најновиот Водач за членовите (Member Guide) на пензискиот фонд LUCRF Super (Изјава за откривање на производот и Водач за финансиски услуги) пред да донесете било каква одлука.

Issued February 2010 by LUCRF Pty Ltd ABN 18 005 502 090 AFSL 258481 as Trustee for LUCRF Super ABN 26 382 680 883.

**WEB** www.lucrf.com.au
**EMAIL** mypartner@lucrf.com.au
**FAX** 03 9326 6907
**POST** PO Box 211 North Melbourne VICTORIA 3051

**1300 130 780**

Australia's first industry fund

LUCRFsuper

An Industry SuperFund

00044